УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

2022

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

# YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

ГОДИНА 2

VOLUME I

GOCE DELCEV UNIVERSITY - STIP

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

ISSN 2671-3969
DOI https://www.doi.org/10.46763/YBFTBL

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА 2022

# YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS 2022

ГОДИНА 2 VOLUME 2

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

# YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

**За издавачот**
Проф. д-р Татјана Бошков
**For the publisher**
Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D.


| **Издавачки совет** | **Editorial board** |
|---|---|
| Проф. д-р Блажо Боев | Prof. Blažo Boev, Ph.D. |
| Проф. д-р Лилјана Колева Гудева | Prof. Liljana Koleva Gudeva, Ph.D. |
| Проф. д-р Мишко Џидров | Prof. Mishko Dzidrov, Ph.D. |
| Проф. д-р Татјана Бошков | Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D. |
| Проф. д-р Наташа Митева | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. |

| **Редакциски одбор** | **Editorial staff** |
|---|---|
| Проф. д-р Татјана Бошков (Р.С. Македонија) | Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D. |
| Проф. д-р Мишко Џидров (Р.С. Македонија) | Prof. Mishko Dzidrov, Ph.D. |
| Доц. д-р Наташа Митева (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. |
| Проф. д-р Никола В. Димитров (Р.С. Македонија) | Prof. Nikola V. Dimitrov, PhD. |
| Проф. д-р Билјана Петревска (Р.С. Македонија) | Prof. Biljana Petrevska, PhD. |
| Проф. д-р Елизабета Митрева (Р.С. Македонија) | Prof. Elizabeta Mitreva, PhD. |
| Проф. д-р Златко Јаковлев (Р.С. Македонија) | Prof. Zlatko Jakovlev, PhD. |
| Проф. д-р Цане Котески (Р.С. Македонија) | Prof. Cane Koteski, PhD. |
| Проф. д-р Драшко Атанасоски (Р.С. Македонија) | Prof. Drasko Atanasoski, PhD. |
| Проф. д-р Мичо Апостолов (Р.С. Македонија) | Prof. Mico Apostolov, PhD. |
| Проф. д-р Александра Жежова (Р.С. Македонија) | Prof. Aleksandra Zezova, PhD. |
| Проф. д-р Зоран Темелков (Р.С. Македонија) | Prof. Zoran Temelkov, PhD. |
| Проф. д-р Марија Магдинчева-Шопова (Р.С. Македонија) | Prof. Marija Magdinceva-Shopova, PhD. |
| Проф. д-р Тања Ангелкова Петкова(Р.С. Македонија) | Prof. Tanja Angelkova Petkova, PhD. |
| Проф. д-р Дејан Методијески (Р.С. Македонија) | Prof. Dejan Metodijeski, PhD. |
| Проф. д-р Мимоза Серафимова (Р.С. Македонија) | Prof. Mimoza Serafimova, PhD. |
| Доц. д-р Душко Јошески (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Dushko Joseski, PhD. |
| Доц. д-р Оливер Филипоски (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Oliver Filiposki, PhD. |
| Доц. д-р Владимир Китанов (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Vladimir Kitanov, PhD. |
| Доц. д-р Анета Стојановска-Стефанова (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Aneta Stojanovska-Stefanova, PhD. |
| Доц. д-р Душица Попова (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Dushica Popova, PhD. |
| Доц. д-р Цветанка Ристова Магловска (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Cvetanka Ristova Maglovska, PhD. |
| Д-р Билјана Цоневска Гуњовска (Р.С. Македонија) | Biljana Conevska Gunjovska, PhD |
| Доц.д-р Христина Серафимовска (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Hristina Serafimovska, PhD |
| Проф.д-р Слаџана Стојановска (Р.С. Македонија) | Prof. Sladzana Stojanovska, PhD |
| Проф.д-р Глигор Бишев (Р.С. Македонија) | Prof. Gligor Bishev, PhD |
| Доц.д-р Васко Шутаров (Р.С. Македонија) | Assist. Prof. Vasko Shutarov, PhD |
| Проф.д-р Мадалина Теодора Андреи (Романија) | Prof. Madalina teoora Andrei, PhD |
| Проф.д-р Соња Кироса (Шпанија) | Prof. Sonja Kirosa, PhD |
| Проф.д-р Серџо Чипола (Италија) | Prof. Serdzo Chipola, PhD |
| Проф.д-р Ализа Флејшер (Израел) | Prof. Aliza Flejsher, PhD |
| Проф.д-р Ноам Шовал (Израел) | Prof. Noam Shoval, PhD |
| Проф.д-р Нуриа Елиса Морере Молинеро (Шпанија) | Prof. Nuria Elisa Morere Molinero, PhD |
| Проф.д-р Николас Хурвулиадес (Грција) | Prof. Nicolas Hourvouliades, PhD |
| Проф.д-р Донила Пипа (Албанија) | Prof. Donila Pipa, PhD |
| Проф.д-р Мохамед Фуад (Египет) | Prof. Mohamed Fuad, PhD |
| Проф.д-р Францис Вериза (Мадагаскар) | Prof. Francis Veriza, PhD |


GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

## УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
## ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА


| | |
|---|---|
| Проф.д-р Октавиан Сербан (Романија) | Prof. Oktavian Serban, PhD |
| Проф.д-р Сабина Георги (Романија) | Prof. Sabina Georgi, PhD |
| Проф.д-р Озгур Јерли (Турција) | Prof. Ozgur Jerli, PhD |
| Доц.д-р Жарко Раџеновиќ (Србија) | Assis. Prof. Zarko Radzenovik, PhD |
| Проф.д-р Дарко Димитровски (Србија) | Prof. Darko Dimitrovski, PhD |
| Проф.д-р Драго Цвијановиќ (Србија) | Prof. Drago cvijanovik, PhD |
| Проф.д-р Марија Белиј (Србија) | Prof. Marija Belij, PhD |
| Проф.д-р Андреј Мичовиќ (Србија) | Prof. Andrej Michovik, PhD |
| Проф.д-р Серафима Рочкован (Молдавија) | Prof. Serafima Rochkovan, PhD |
| Проф.д-р Стела Дерменџиева (Бугарија) | Prof. Stela Dermendzieva, PhD |
| Проф.д-р Марта Боровска-Стефанска (Полска) | Prof. Marta Borovska Stefanska, PhD |
| Проф.д-р Јулијана Поп (Романија) | Prof Julijana Pop, PhD |
| Проф.д-р Елена Тома (Романија) | Prof. Elena Toma, PhD |
| Проф.д-р Светлана Станкова (Бугарија) | Prof Svetlana Stankova, PhD |
| Проф.д-р Ирина Лазар (Романија) | Prof Irina Lazar, PhD |
| | |
| **Уредувачки одбор** | **Editors** |
| Проф. д-р Татјана Бошков – Главен уредник | Prof. Tatjana Boshkov, PhD. – Managing Editor |
| Доц. д-р Наташа Митева – Одговорен уредник | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. – Editor in chief |
| Доц. д-р Душко Јошески – Уредник | Assis. Prof. Dushko Joseski, PhD. - Editor |
| Доц. д-р Душица Попова – Уредник | Assis. Prof. Dushica Popova, PhD - Editor |
| | |
| **Техничко уредување** | **Technical editor** |
| Славе Димитров | Slave Dimitrov |
| | |
| **Јазично уредување** | **Language editor** |
| Вангелија Цавкова | Vangelija Cavkova |
| д-р Марија Крстева | Marija Krsteva, PhD. |



| | |
|---|---|
| **Редакција и администрација** | **Address of the editorial office** |
| Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип | Goce Delcev University – Stip |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | Faculty of Tourism and Business Logistics |
| ул. „Крсте Мисирков“ бб, п. факс 201, | Krste Misirkov 10-A., PO box 201, |
| 2000 Штип, РС Македонија | 2000 Štip, RN Macedonia |


## GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
## FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

**СОДРЖИНА - CONTENTS**

УБЕДУВАЊЕ И МЕНУВАЊЕ СТАВ ВО ПРЕГОВАРАЊЕТО ........ 6

РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ - ЧОВЕКОВО ПРАВО И ОСНОВА ЗА ПРОСПЕРИТЕТЕН И ОДРЖЛИВ СВЕТ ........ 13

ТРЕНДОВИ И ДВИЖЕЊА НА ТРГОВИЈАТА НИЗ ПЕРИОДИ НА РАЗВОЈОТ ........ 21

УЛОГАТА НА МЕНАЏМЕНТОТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСКИ ВО ТУРИЗМОТ ........ 25

DYNAMIC OPTIMAL TAXATION MIRRLEES' APPROACH: A REVIEW ........ 30

APPLICATION OF MATHEMATICAL MODELS IN ECONOMICS ........ 46

ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА НА КУЛТУРНИТЕ ВРЕДНОСТИ ........ 57

ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА И COVID-19 КРИЗАТА ВО ТУРИСТИЧКИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 67

ИСКОРИСТЕНОСТ НА АТРАКТИВНИТЕ МОТИВСКИ ФАКТОРИ ВО ФУНКЦИЈА НА РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ ........ 73

ЕКО-МУЗЕИТЕ - МОЖНОСТИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ТУРИСТИЧКИ СЕКТОР ........ 79

МЕНАЏМЕНТ НА АНИМАЦИЈАТА ВО ТУРИСТИЧКО- УГОСТИТЕЛСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ........ 86

ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА СПА И ВЕЛНЕС ТУРИЗАМ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........ 92

ПЕРСПЕКТИВИ НА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ ВО БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ........ 99

**UDK** 339.56(100)“1937/2000“
339.54:061.1(100)
**DOI** https://www.doi.org/10.46763/YBFTBL2221021e

# ТРЕНДОВИ И ДВИЖЕЊА НА ТРГОВИЈАТА НИЗ ПЕРИОДИ НА РАЗВОЈОТ

**Емануела Есмерова[1], Драшко Атанасоски[2]**

**[1]Факултет за економски науки при Универзитетот Мит – Република Северна Македонија- Скопје, Вонреден професор, електронска пошта: *emaesmerova@yahoo.com,* Универзитет „Гоце Делчев “**
**[2]Факултет за туризам и бизнис логистика -Штип Република Северна Македонија, Редовен професор електронска пошта: *draskoatanasoski@yahoo.com***

**Апстракт**

Состојбите во меѓународната економија непосредно пред Втората светска војна јасно укажувале на фактот дека секоја форма на билатерално договарање меѓу трговските партнери во светот била несоодветна на потребите што ги наметнувале тековните збиднувања во меѓународната економија. Состојбите биле такви што и најзакоравените застапници на протекционизмот веќе не биле во состојба да ги затворат очите пред сите големи штети што настанале како резултат на прекумерното употребување на протекционистички бариери за меѓународна размена. Затоа еден дел од прогресивните економски сили во светот се залагал по завршување на Втората светска војна да се воспостави мултилатерален принцип на договарање во меѓународната размена, кој бил заснован врз еднаквоста, недискриминацијата и либерализација на надворешно трговски режими. За таа цел бил даден предлог да се формира Меѓународна трговска организација (International Trade Organisation - ITO).

**Клучни зборови**: трговија, движења, структура, приказ на трговија и региони.

## TRADE TRENDS AND MOVEMENTS THROUGH PERIODS OF DEVELOPMENT

**Abstract**

The conditions in the unitary economy are directly preceded by the fact that every form of bilateral agreement with the world trade partners should not be necessary for the non-profits to be found in the most prosperous economies. Even the most outspoken advocates of protectionism will not be able to even close the front of the site to a large number of cases as a result of the overuse of protectionist advocacy.
That is why one of the progressive economic forces in the world is moving towards the end of the Second World War to establish a multilateral principle of mutual agreement, which is based on the principle of equality, non-discrimination and liberalism. For all these reasons, the International Trade Organization (ITO) was formed.

**Keywords:** trade, movements, structure, view of trade and regions.

**Вовед**

Она што многу економисти ги импресионирало во годините меѓу двете Светски војни не бил толку слабиот извоз на одделни земји колку опаѓањето на надворешната трговија воопшто. Бавниот раст на трговијата со мануфактурни производи меѓу 1913 и 1929 година, екстремните падови на обемот на оваа трговија во годините на депресијата, како и опаѓачката тенденција на коефициентот на надворешната трговија кон националниот доход забележана во многу земји, водела кон поддршка на претпоставката за намалување на надворешната трговија. Накусо, оваа претпоставка имплицирала дека технолошкиот прогрес, ширењето на индустријализацијата, зголемувањето на реалните приходи и другите сили кои влијаеле на меѓународната економија во овие години воделе кон опаѓање на обемот на трговијата меѓу народите. Се сметало дека технологијата на напреднатата индустријализација делумно била технологија на супституцијата, која ги заменувала природните материјали со синтетички (вештачки), наголемо произведувани од локалните ресурси.

**1. Движење и структура на вкупната трговија**

Покрај ограничувањата на надворешната трговија кои, во една или друга форма, егзистирале од крајот на Втората светска војна до 1960 година, вкупната вредност на увозот на стоки од некомунистичките земји пораснала од 53 000 долари во 1948 на 112 300 долари во 1960 година, односно со просечна годишна стапка од преку 6 %. Тоа било извонредно постигнување, особено во времето кога

цените на трговските стоки во 1960 година биле речиси исти како оние од 1948 година. Од 1960 до 1973 година стапките на раст биле дури и повисоки, со годишна стапка на извоз од околу 8 %. Но, 1973 година го одбележала крајот на рапидниот раст на извозот. Годишниот раст почнал да опаѓа од 4.5 % од 1973 до 1979 година, на 1.5 % од 1980 до 1989 година, а потоа пак да расте до 4.5 % во периодот 1990-95 година.

Во повеќето од годините, стапките биле сè уште високи во споредба со стапките на раст на светската трговија од почетокот на XIX век до 1950 година. Од 1950 до 1995 година, обемот на светската трговија опаднал само во три години: во 1958, 1975 и во 1982 година[26].

Табела.1 - Светски извоз и производство, вкупно и по категории, 1953-1995 (во %)

| Години | Земјоделство | | Руда | | Фабричко производство | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Трговија | Аутпут | Трговија | Аутпут | Трговија | Аутпут | Трговија | Аутпут |
| 1953-63 | 65 | 29 | * | * | 126 | 86 | 94 | 68 |
| 1963-79 | 96 | 47 | 101 | 99 | 282 | 149 | 200 | 120 |
| 1980-89 | 16 | 28 | 13 | 21 | 71 | 21 | 48 | 25 |
| 1990-95 | 25 | 8 | 25 | 10 | 37 | 5 | 34 | 8 |

Извор: GATT and WTO,International Trade,various issues

Друга важна карактеристика на светската трговија од овој период била тоа што, речиси во секоја година, нејзиниот раст го надминувал растот на светското производство. Со други зборови, трговијата предничела пред економскиот раст. Ова се однесувало на широката категорија производи во повеќето периоди, како што покажува Табелата 1.

Податоците за светската трговија и производство од Табелата 1 биле спротивни на претпоставката за опаѓање на надворешната трговија од 1930-тите години. Всушност, во периодот со релативно слаб раст по 1973 година, трговијата сè уште се ширела побрзо од производството во повеќето години.

Различните региони во светот немале рамномерно учество во оваа рапидна растечка трговија. Исклучувајќи ги економиите со централно планирање, стапката на раст на индустриските земји од Европа, Северна Америка и Јапонија била повисока од светскиот просек во 1950-тите години и, како резултат на тоа, овие земји го зголемиле својот релативен удел во вкупниот извоз од 61 % на околу 70 %. Останатите развиени земји во Европа, Австралија и Јужна Африка забележале намалување на нивниот удел од 9 на 7 %, а уделот на земјите во развој опаднал од 30 на 23 %. Овие промени имале големо влијание врз различните стапки на раст на производството и извозот на мануфактурни и основни производи на различните региони.

Табела. 2 - Светски извоз по региони, 1953-1995 година (во %)

| Извозни региони | 1953 | 1963 | 1973 | 1980 | 1985 | 1990 | 1995 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Индустриски регион | 58.1 | 64.3 | 68.2 | 60.9 | 64.4 | 71.1 | 69.7 |
| Австралија, Африка | 2.0 | 2.8 | 2.7 | 2.6 | 1.9 | 2.1 | 1.9 |
| Развојни земји | 39.5 | 2.07 | 19.2 | 28.8 | 22.9 | 21.9 | 22.2 |
| ЦПЕс/ЦИТс | 0.3 | 12.1 | 9.9 | 7.7 | 10.7 | 4.9 | 6.1 |
| Вкупно | 100.00 | 100.00 | 100.00 | 100.00 | 100.00 | 100.00 | 100.00 |

Извор: GATT and WTO,International Trade,various issues

Табелата 2 го покажува уделот на сите групи земји во вкупниот светски извоз во периодот од 1953 до 1995 година, кој одвреме-навреме флуктуирал.

Сепак, индустриската област, која опфаќала околу 70 % од вкупниот извоз кон крајот на периодот, како удел на земјите во транзиција (вклучително и Кина), поранешните ЦПЕ/ЦИТ, значително

[26] Ibidem.

опаднал во размената со пазарните економии. Уделот на земјите во развој флуктуирал меѓу 20 и 25 % додека, во последниот период, стабилниот удел на оваа група земји го одржал вклучувањето на Кореја, Хонг Конг, Тајван и Сингапур во неа, кои придонеле со 4.7, 5.7 и 6.7 % соодветно во вкупниот удел на трговија во 1980, 1990 и 1995 година. Големиот удел на земјите во развој во 1980 година се рефлектирал и на зголемениот повратен ефект кај нафтените извозници од Блискиот Исток, а како резултат на големите покачувања на цените на нафтата во средината на 1970-тите години.

Табела. 3 - Дистрибуција на извозната трговија и индустриските земји, 1937-1995 (во %)

| Земји | 1937 | 1950 | 1960 | 1973 | 1980 | 1985 | 1990 | 1995 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Велика Британија | 20 | 20 | 14 | 9 | 10 | 9 | 9 | 8 |
| САД | 23 | 32 | 28 | 20 | 21 | 20 | 19 | 20 |
| Франција | 7 | 10 | 9 | 11 | 11 | 10 | 10 | 10 |
| Германија | 16 | 6 | 15 | 19 | 18 | 20 | 20 | 17 |
| Други европски земји | 20 | 20 | 21 | 23 | 23 | 23 | 23 | 23 |
| Канада | 8 | 9 | 7 | 6 | 6 | 6 | 6 | 7 |
| Јапонија | 6 | 3 | 5 | 12 | 12 | 14 | 13 | 15 |
| Вкупно | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

Извор: A. Maizels, Industrial Growrh and World Trade (Cambridge:Sambridge Univerzity Press,1963, p.426-7, GATT/ WTO, Internailo trade, various issues

Опаѓањето на уделот на Централно Плански Економии (ЦПЕ) до 1985 година го покажал намаленото значење што оваа група земји го придавала на трговијата, додека драстичниот пад во 1990-тите покажал некои од проблемите кои произлегле при преминувањето од централно-управувани кон пазарни економи

Истражувањето на извозните перформанси на главните индустриски земји од 1937 година, Табела 3, покажува дека до 1960 година зголемувањето на уделот на САД се постигнал главно на сметка на Велика Британија, а Германија и Јапонија до таа година едвај ги повратиле своите предвоени трговски позиции. Од 1960 до 1972, трговските поместувања биле уште позабележителни. Највоочливо било удвојувањето на јапонскиот удел и големото опаѓање на уделите на В. Британија и САД. Континенталните европски земји значително ги зголемиле своите удели. По 1973, се случиле неколку големи промени, освен постојаниот раст на јапонскиот удел. Исто така, по обединувањето, малку опаднал и германскиот удел. Проценките за ЕУ упатуваат на тоа дека, меѓу 1985 и 1995 година, постоела мала промена во уделот на извозната трговија на Унијата во однос на остатокот на светот. Источноазиските „новоразвиени“ земји (Кореја, Хонг Конг, Тајван и Сингапур) и азиските НИЦ - новоиндустријализирани земји (вклучително Малезија, Тајланд и Индонезија) го подобриле заедничкиот удел на вкупен мануфактурен извоз од 3.9 % во 1973 на 6.7 % во 1995 година, со исклучок на реекспортот.

Табела. 4 - Поделба на стоките во светскиот извоз, 1937-2000 (во % и вкупно)

| Години | Храна | Основни материјали | Вкупно | Фабричко производство | Вкупен извоз |
|---|---|---|---|---|---|
| 1937 | 23 | 40 | 63 | 37 | 100 |
| 1950 | 23 | 34 | 57 | 43 | 100 |
| 1960 | 20 | 25 | 45 | 55 | 100 |
| 1973 | 15 | 23 | 38 | 62 | 100 |
| 1980 | 11 | 32 | 43 | 57 | 100 |
| 1985 | 11 | 26 | 36 | 64 | 100 |
| 1990 | 9 | 18 | 28 | 72 | 100 |
| 1995 | 10 | 17 | 27 | 73 | 100 |
| 2000 | 14 | 15 | 29 | 71 | 100 |

Извор: P.Lamartine Yates, Forty of Foregin Trade, Table 16, str..44;GATT /WTO

Трендовите во правецот на светската трговија се одвивале паралелно со промените на структурата на вкупниот извоз на стоките. Како што покажува Табелата 4, значењето на фабричките производи во светскиот увоз се совпаѓа со соодветниот пад на важноста на трговијата со храна и суровини, до 1973 и повторно после 1979 година. Во доцните 1970-ти и раните 1980-ти години, енергетската криза довела до пазарна, но привремена криза во уделот на суровините во светската

извозна трговија, но економиите поврзани со нафтата и нејзиниот пад на цената во 1980-тите го намалиле овој удел до 1990 година.

Табела. 5 - Стоки во трговијата на мануфактурното производство, 1937-1995 (во %)

| Групи производи | 1937 | 1950 | 1963 | 1973 | 1980 | 1990 | 1995 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Енергетски производи | 26.5 | 34.9 | 51.8 | 54.2 | 54.2 | 50.4 | 52.2 |
| Машини | (16.0) | (20.7) | (43.0) | (42.8) | (42.6) | н.с | н.с |
| Транспорт | (10.5) | (14.2) | (8.8) | (11.8) | (11.6) | н.с | н.с |
| Текстил | 21.5 | 19.9 | 11.4 | 10.3 | 8.7 | 9.2 | 8.5 |
| Метал | 15.3 | 12.9 | 9.1 | 8.2 | 7.0 | 4.4 | 4.1 |
| Хемиски производи | 10.6 | 10.5 | 11.9 | 12.0 | 13.9 | 12.2 | 12.8 |
| Други производи | 26.0 | 21.9 | 15.8 | 15.3 | 16.4 | 23.8 | 22.4 |
| Вкупно | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

Извор: Cairnocroos A, World Trade in Manufacture Since 1900, Economia Internacionale,Dec.1995, p.244. GATT/WTO,International Trade,various issues

Промените во структурата на мануфактурната трговија го следеле правецот кој се воспостави во доцниот XIX век и траел во меѓувоениот период. Се интензивирало поместувањето од текстилот кон техничките производи, иако извесно опаѓање на значењето на оваа група производи предизвикале и нетарифните увозни ограничувања за текстилот од страна на индустриски развиените земји по 1970 година.

Табелата 5 ни покажува дека до 1963 година, моторните возила најмногу придонесувале за зголемување на уделот на техничките производи во светската трговија со мануфактурни производи. Опаѓањето на металите (железото и челикот) по 1963 година е особено евидентно, додека хемиските производи продолжиле да добиваат на значење. „Сите други“ мануфактурни производи се изгубиле во 1960-тите години, но малку се повратиле од доцните 1970-ти години наваму.

Во целина, поместувањето од потрошувачките добра (и полупроизводите) кон капиталните добра што започнало во меѓувоените години продолжило да се одвива континуирано и интензивно, тренд што бил конзистентен на зголемената трговија меѓу индустриските земјите од времето по Втората светска војна.

**Заклучок**

Порастот на реалните приходи, исто така, биле аргумент за обесхрабрување на трговијата. Земајќи го предвид законот на Енгелс дека прехранбените производи се опаѓачка фракција на растечкиот реален доход по глава на жител и негова нужна последица и дека во напредните индустриски земји услужната компонента во националното производство имала тенденција на раст, била постигната концентрација на светската трговија на храна и земјоделски суровини, како и опаѓачки коефициент на надворешна трговија во однос на вкупното производство поради растот на услугите - како што се станбените услуги, јавното образование и владата - кои, главно, се произведувале и употребувале на домашен план и кои мошне малку придонесувале за надворешната трговија. Друг аргумент, кој се поклопувал со грижата на секуларните стагнационисти во САД за затворањето на американската граница и влијанието од тоа врз домашниот економски раст во 1930-тите, го истакнувало постепеното исцрпување на експанзивните сили на трговијата генерирани со интеграцијата во светската економија на поранешните неразвиени области. Со сè поголемото апсорбирање на овие региони во меѓународната економија, заедно со ширењето на светската побарувачка и унапредувањата на транспортната технологија, поттикнувачките сили на трговската интеграција биле потиснувани, заедно со консеквентното успорување на стапката на растот на надворешната трговија во рамките на вкупното производство.

**Користена литература:**


1. Cairnocroos A, World Trade in Manufacture Since 1900, Economia Internacionale, Dec.1995, p.244. GATT/WTO,International Trade,various issues;
2. P. Lamartine Yates, Forty of Foregin Trade, Table 16, str..44; GATT /WTO;
3. A. Maizels, Industrial Growrh and World Trade (Cambridge:Sambridge Univerzity Press,1963, p.426-7, GATT/ WTO, Internailo trade, various issues;
4. GATT and WTO,International Trade,various issues;
5. A.G. Kenwood and A.L.Lougheed (1820-2000) op, cit., p. 300.